# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН
# НА ОПШТИНА РАДОВИШ
# 2024-2027

# СОДРЖИНА


Вовед ... 3

1. Социо-економски карактеристики на општината ... 5

2. Законска регулатива ... 9

3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план ... 10

3.1 Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби ... 11

4. Социјални услуги ... 19

4.1 Постоечки социјални услуги ... 21

4.2 Нови социјални услуги ... 25

4.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ ... 30

4.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување ... 31

4. 4 Потребни капацитети и финансиска поддршка ... 34

4.5 Лиценцирање на даватели на услуги ... 39

Анекс 1 Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита ... 39

Анекс 2 Планови за воведува и подобрување на социјалните услуги ... 39

# Вовед

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки, но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Со планот за социјална заштита општина Радовиш се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневието на општината. Програмата за социјална заштита за 2023 година на Општина Радовиш дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните на град Радовиш и селата кои се дел од општината, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните на Општина Радовиш. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Радовиш за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Со овој план се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани со цел нивна поголема вклученост во општеството и одговарање на нивните потреби за надминување на социјалните ризици. Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Советот за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, и ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа. Документот дава преглед на досегашните достигнувања и достапните ресурси, воедно поставува цели и приоритети во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во периодот од 2023 до 2026 година. Тој е во согласност со целите на социјалната политика поставени на национално и европско ниво.

Со реализацијата на овој социјален план Општина Радовиш се насочува кон градење на инклузивна заедница каде секој еден е важен создавајќи пристап до права и услуги за секој граѓанин и се труди да му обезбеди квалитетен живот со почитување на принципите на правда, еднаквост и почитување на човековите права, а гарантира дека социјалните услуги се навремени, ефективни и достапни за сите. Документот ќе придонесе кон систематско подобрување на социјалните услуги обезбедени со минимални административни барања и ефективна меѓусекторска соработка и нивно континуирано прилагодување кон индивидуалните потреби на граѓаните и стандардите за квалитет на социјалните услуги.

Основната цел на овој план е да обезбеди рамка за следење и проценка на мерките за социјална заштита што се планираат да се спроведат со цел да се идентификуваат навреме и колку што е можно повеќе да се избегнат потенцијалните ризици (лични, економски, социјални и други) кои ги ставаат одредени групи во сиромаштија и социјална исклученост. Во општина Радовиш, со постојните институционални основи во системот на социјална заштита, вклучително и граѓанското општество, верските и добротворните организации, се спроведува цел спектар на различни услуги во заедницата што го подобруваат квалитетот на животот на целото население. Досега нема систематско следење и проценка на квалитетот и резултатите од сите услуги што можат да се користат во општина Радовиш, што не беше проблем со оглед на тоа што бројот на даватели на услуги е релативно мал, а изворите на финансирање се стабилни. Сепак, промените во средината, пред се финансиската криза која што веќе се предвидува да се зголеми поради последиците од Ковид 19 пандемијата, доведоа до потреба да се пристапи кон планирање на развој на различен начин во сите социјални сектори, вклучително и социјалниот. Затоа, насоките за развој треба да се засноваат на резултатите од претходните активности, така што добиените промени во средината можат да се мерат и да се прилагодат на тековните потреби на населението. Со подобрување на системот за набудување и проценка на активности и развој на партнерска соработка на различни даватели на социјална заштита при решавање на специфични проблеми во општината, можеме да ги подобриме основните социјални потреби на населението со најголем ризик од сиромаштија и социјална исклученост.

Локалната самоуправа има надлежност во делот и на здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, надзор над заразни болести и други области утврдени со закон. Исто така во планирањето на социјалната заштита на локално ниво може да се остварува и меѓуопштинска соработка и соработка на регионално ниво за да се основаат заеднички јавни установи од областа на социјална и детска заштита.

Градоначалникот и Советот на Општина Радовиш се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите надлежности и финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди. Но и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилишна возраст во Детските градинки во Радовиш.

Веруваме дека Планот во наредниот период ќе биде соодветна рамка за дејствување од областа на социјалната заштита на нашата општина со цел подобрување на системот, во корист на сегашните и потенцијалните корисници во системот, создавање предуслови за долгорочен, фер и избалансиран развој на сите области и на целото население на општина Радовиш.

# 1. Социо-економски карактеристики на општината

Во Општина Радовиш согласно податоците од Пописот од 2021 година се евидентирани 24 122 жители кои живеат на територијата на 36 населени места. Од вкупното резидентно население 12137 се мажи, а 11985 се жени. Евидентирани се 8511 домаќинства и 11283 станбени единици. Годишниот прираст на населението во општина Радовиш 3.1%

**Жители по населени места:**

Населени места во Општина Радовиш се градот Радовиш и околните села, но во табелата се опфатени само оние населени места на општина Радовиш во кои има жители согласно податоците од последниот попис.

| бр. | Населено место | Население | Површина во км$^2$ |
|---|---|---|---|
| 1. | Супурге | 56 | 5 |
| 2. | Смиланци | 11 | 20 |
| 3. | Штурово | 6 | 6 |
| 4. | Козбунар | 3 | 29 |
| 5. | Шипковица | 2 | 21 |
| 6. | Калаузлија | 351 | 9 |
| 7. | Дамјан | 175 | 17 |
| 8. | Прналија | 153 | 10 |
| 9. | Али Коч | 393 | 7 |
| 10 | Сулдурци | 195 | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | **Покрајчево** | **319** | **7** |
| 12 | **Коцалија** | **569** | **17** |
| 13 | **Бучим** | **400** | **18** |
| 14 | **Тополница** | **414** | **16** |
| 15 | **Злеово** | **683** | **17** |
| 16 | **Калугерица** | **651** | **16** |
| 17 | **Јаргулица** | **628** | **118** |
| 18 | **Раклиш** | **559** | **7** |
| 19 | **Воиславци** | **592** | **10** |
| 20 | **Ињево** | **1139** | **22** |
| 21 | **Ораовица** | **1103** | **17** |
| 22 | **Подареш** | **1260** | **35** |
| 23 | **Град Радовиш** | **14460** | **12** |

Според возрасната структура, во општината се евидентирани 4196 млади лица на возраст од 15-29 години, 11 496 лица на возраст од 30 до 64 години, и 4 256 лица на возраст над 65 години.

| **Пол - ВКУПНО** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возрасна група - ВКУПНО** | **0-4** | **5-9** | **10-14** | **15-19** | **20-24** | **25-29** | **30-34** | **35-39** | **40-44** | **45-49** | **50-54** | **55-59** | **60-64** | **65-69** | **70-74** | **75-79** | **80-84** | **85+** |
| 24122 | 1270 | 1495 | 1409 | 1322 | 1400 | 1474 | 1500 | 1515 | 1443 | 1638 | 1674 | 1866 | 1860 | 1597 | 1240 | 735 | 442 | 242 |

Табеларен приказ на населението во општина Радовиш согласно возрасната структура

Бројот на жители во Радовиш е во постојано опаѓање, најмногу поради засилената миграција и намалениот наталитет како последица на лошата економска состојба, невработеноста и други фактори.

Миграциските движења се еден од најважните/најзначајни фактори во демографските движења, со негативна конотација, затоа

што станува збор за отселување/заминување на претежно работоспособно население кое е еден од развојните столбови на општеството.

Има постојано иселување што директно влијае во секоја сфера од општественото живеење како во намалување на бројот ученици во основните училишта, во средното општинско училиште, така и во делот на намалени услуги кон граѓаните особено во здравството, социјалната дејност, делови од услужниот сектор. Целокупните процеси се одразуваат на квалитетот на животот во локалната заедница како во градот така и во неговите останати населени места.

Немањето добри решени инфраструктурни потреби на граѓаните (пристапна патна инфраструктура, водовод, канализација), концентрацијата на стопанските и нестопанските субјекти и ресурси во градот и др. ги забрзува овие процеси на напуштање на овие населени места и ги ограничува и така малите можности за повторна ревитализација и изградба на нови објекти.

Можеме да заклучиме дека една од главните причини за намалување на бројот на населението е се пониската стапка на фертилитет, што во голема мера се должи на одложеното стапување во брак на младите и помалиот број на деца во семејството, кое се поврзува и со проблемите на невработеноста и несигурноста на работните места, нискиот животен стандард, многу често и со нерешено станбено прашање, и др.

Во општина Радовип пристапот до права од социјална и детска заштита е овозможен преку услугите на месноналежниот центар за социјална заштита ЈУ МЦСР Радовиш, каде се евидентирани лицата корисници на права и на нив им се овозможуваат дополнителни услуги согласно нивните специфични потреби во соработка со останати институции и тела на регионално и национално ниво.

Корисници на права согласно Закон за социјална заштита во општина Радовиш

| | | |
|---|---|---|
| **Гарантирана минимална помош** | | 637 |
| **Надоместок заради попреченост** | | 154 |
| **Надоместок за помош и нега од друго лице** | | 583 |
| **Надоместок на плата за скратено работно време** | | 4 |
| **Додаток за домување** | | / |
| **Траен надоместок** | | 11 |
| **Еднократна парична помош** | | 174 |
| **Социјална сигурност на стари лица** | | 270 |

| | |
|---|---|
| **Гарантиран детски додаток** | 474 |
| **Посебен додаток** | 101 |
| **Еднократна парична помош за новороденче** | 126 |
| **Образовен додаток за ученици во основно и средно образование** | 621 |
| **Родителски додаток за трето и четврто дете** | 506 |
| **Образовен додаток за студирање** | / |
| **Право здравствена заштита** | 150 |
| **Право на надоместок на трошоци за сметување и надоместок за згрижување во згрижувачко семејство** | 9 |
| **Цивилна инвалиднина** | 3 |
| **Народна кујна** | 110 |
| **Вкупно** | 3921 |

Во општина Радовиш се обезбедува згрижување и воспитување на деца во предучилишна возраст во **ЈОУГД „Ацо Караманов"-Радовиш** Јавната детска градинка располага со три објекти во градот Радовиш, Управната зграда, Ацо Караманов, клонот „Детска пролет", клонот „Цветови", како и пет објекти во селските населби во околината на градот Радовиш. : село Подареш, село Злеово, с.Покрајчево, село Калуѓерица и село Ињево.

Во градинките се обезбедува грижа и воспитување на деца од предучилишна возраст. Грижата и воспитувањето на децата од предучилишна возраст е форма на детска заштита, која како активност се организира за згрижување, престој, грижа, исхрана, воспитно-воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување здравје и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, психичкиот и социјалниот развој на детето до 6-годишна возраст, односно до вклучување во основно образование. Целиот персонал работи според методологијата во Програмата за социо-емоционално учење, културен дијалог и кохезија од 2019 година. Има 23 образовни групи со вкупно 472 згрижени деца и 85 на листа на чекање (податок заклучно со месец мај 2023 година).

Ако се анализира состојбата со здравствените капацитети во општина Радовиш, се доаѓа до заклучок дека тие претставуваат сериозен проблем за најголем дел од населените места. И во овој случај, како здравствен центар се издвојува градот Радовиш, иако и во него постои недостаток на здравствени капацитети, поради што се појавува потреба од користење на алтернативни медицинските центри, за што може да се користат медицинските центри во Штип и во Струмица. Во Радовиш има Здравствен дом и поголем број приватни здравствени установи. Во состав на Здравствениот дом работи служба за итна медицинска помош, дијагностичка лабораторија, детска превентивна стоматологија, школска превентивна медицина, рендген, вакцинации со патронажна служба, нервно, интерно, офтамолошко и оториноларинголошко одделение. Покрај тоа, во зградата на Здравствениот дом работат и 18 приватни здравствени установи од различни области. Во состав на приватните здравствени

установи работат осум ординации по општа медицина, од кои две работат и во областа на педијатријата, седум стоматолошки ординации, од кои една е специјалистичка ординација по ортодонција и една гинеколошко-акушерска ординација. Надвор од просториите на Здравствениот дом во Радовиш, се регистрирани уште 12 приватни здравствени установи, во чиј состав работат 6 ординации по општа медицина, 4 стоматолошки ординации, 2 лаборатории и по една специјалистичка ординација за интерна медицина и за ортопедија. Состојбата со здравствените капацитети во селските населби е алармантна. Фактот дека постојат амбуланти само во селата: Али Коч, Злеово, Ораовица и Подареш, претставува јасен индикатор на состојбата во овој сектор. Во Радовиш работат 9 аптеки, кои имаат склучено договори за работа со Фондот за здравствено осигурување на Република С. Македонија, а во населеното место Подареш една аптека.

Радовиш претставува општински административен центар со добра местоположба за развој на стопанството. Како административен центар ги опслужува и жителите на општина Конче бидејќи во градот Радовиш се сместени сите државни институции кои имаат дејност на регионално ниво.

Економските карактеристики Општината Радовиш се дефинирани како фундаментални развојни параметри. Во општината се регистрирани 825 активно деловни субјекти во разлини стопански дејности. Во моментов најефикасни локални компании се Рудници за бакар „Боров дол“ и „Бучим“. Секторот за транспорт и логистика е најбрзорастечки сектор во општина Радовиш. Забележителен е бројот на нови регистрирани фирми со зголемен број на вработувања. Во делот на производство на храна работат фирмите „Бест фуд“, Млекара „Ѓеоргиеви“, Млекара „Под сонце“, „Слога“, „Фунги Флора“, „Флорес“, Винарија „Кукутанов“ и други.

Текстилниот сектор, градежниот сектор, дел од услугите кон населението се сектори кои се во опаѓање. Текстилниот сектор во последните десет години од втор водечки во општината речиси е на последно место, се затворија многу текстилни компании, а со последната Ковид пандемија сосема замре. Градежниот сектор истотака е во надолна линија, дел од услугите кон населението со процесите на миграција и масовното иселување на младо работоспособно население многу е тешко да се најдат квалификувани работници. Услужните дејности истотака се во опаѓање.

## 2. Законска регулатива

Социјалниот план на општина Радовиш произлегува согласно надлежностите и обврските во законската регулатива, односно согласно
- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),

- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година
-Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
-Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),
-Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),
-Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),
-Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),
-Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
-Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),
- Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),
- Националната политика за социјална заштита, други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија;

## 3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Согласно Законската регулатива за остварување на дејноста на социјалната заштита Општина Радовиш формираше Совет за социјална заштита на општината. Советотот е формиран во 2023 година, го сочинуваат13 членови а секој член има свој заменик член. Во работата на ОССЗ учествуваат: претставници од општинска администрација, претставници на Советот на Општина Радовиш, претставник од сектор за внатрешни работи, претставник од Основно Јавно обвинителство, претставник од Центарот за вработување, претставник од ЈЗУ „Здраствен дом“, претставници од Центар за социјални работи, претставници на Здруженија на граѓани, претставници за Урбани заедници и претставници од религиозни заедници, а по потреба во работата на ОССЗ се вклучуваат и други заинтересирани институции и организации.Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита, вклучително и неговиот состав може е составен дел на социјалниот план во Анекс бр.1. Одлука за формирање на Општински совет за социјална заштита.

Општина Радовиш согласно општинската систематизација нема работно место за лице одговорно за социјална заштита. Одговорен сектор за социјална заштита е Одделението за локален економски развој во соработка со Одделението за јавни дејности на општина

Радовиш кои се вклучени во подготовката на Социјалниот план. Назначено одговорно лице за социјалниот план и спроведување на локални политики и програми од областа на социјалната заштита е:

Станко Манчевски – советник за социјална заштита
Тел: 075/ 493-198
Е-маил: stankomancevski@yahoo.com

## 3.1 Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на општина Радовиш, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребни интервенции и мерки за поддршка.

Со оглед на тоа дека општината континуирано и посветено работи на социјалната добросостојба на своите граѓани во предвид се земени и направена е анализа на локалните документи и политики –Локалната стратегија за социјална инклузија, социјална заштита и намалување на сиромаштијата (2011), Општинската програма за социјална заштита (2023), Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, Законот за рамномерен регионален развој, Програмата за регионален развој.

Согласно со превземените статистички податоци од Државен завод за статистика за општина Радовиш за 2021 год., податоците од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Радовиш за 2023 година, податоците од постоечки истражувања, од работата на граѓанските организации кои делуваат на територијата на општина Радовиш се направи мапирање на социјалните проблеми, ранливите групи и нивните потреби, а последователно беа идентификувани и можностите согласно законската регулатива и потенцијалот на општина Радовиш за креирање и воспоставување на мерки и услуги соодветни на специфичните потреби на ранливите групи кои ќе обезбедат социјални придобивки за заедницата.

**<u>РИЗИК СТАРОСТ</u>**

Прва специфика на општината е демографското стареење, кое за жал, е актуелен проблем на денешницата на локално, регионално и национално ниво. Според податоците на Државниот Завод за статистика во 2021 година, во Општина Радовиш евидентирани се 4

256 стари лица на возраст над 65 години,од нив 1985 се мажи, а 2271 е жена. Според возрасната структура на страите лица, најголем дел се на возраст од 65-75 години односно 2837 лица, 1177 лица се на возраст од 75 до 85 години и 242 лица се на возраст над 85 години.

Од вкупниот број на евидентирани стари лица, од податоците на Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш 260 лица се корисници на правото на социјална сигурност за стари лица согласно Законот за социјална заштита.

На територијата на општина Радовиш постои старскиот дом Астреон. Тоа е приватна установа за згрижување и обезбедување на грижа за стари лица, со капацитет од 30 лица, и тој капацитет е континуирано исполнет.

Во општината постои и активно делува здружение на пензионери преку спроведување на програмски активности за постарите лица. Според добиените податоци од Здружението на пензионери бројот на пензионери заклучно со месец мај 2023 година изнесува 4.601 пензионери. Секоја година здружението доделува од 70 до 80 прехрамбени пакети на оние пензионери кои примаат нега од друго лице.
Здружението на пензионери го има на управување и пензионерскиот дом со 14 станови. Во 13 станови живеат пензионери, а во еден од становите живее лице кое е во социјален ризик од сиромаштија.

Податоците од Центарот за социјална работа Радовиш, останатите јавни установи, здружението на пензионери и граѓанските организации укажуваат дека бројот на стари лица е во пораст и ќе се зголемува, и особено во руралните средини овие лица се почесто се во социјален ризик особено старите кои често остануваат да живеат сами и се соочуваат со осаменост, изолираност и потешкотии за здраво, пристојно и самостојно живеење. Најголем дел од старите лица имаат ниски или просечни пензии, голем дел од нив живеат сами, имаат здравствени проблеми и намалена функционална способност за самостојно живеење.

Сместувачки капацитети за старите лица нема доволно, а можностите за помош и подршка од страна на семејствата е минимална, па овие лица секојдневно се соочуваат со предизвици за извршување на секојдневните активности. Теренските посети на центарот за социјална заштита, и граѓанските организации забележуваат дека многу од постарите лица изразуваат силна желба целиот свој живот да останат во својот дом и локалната заедница односно да „стареат во своето место“, а да имаат пристап до помош и поддршка.

За подобрување на квалитетот на живот на старите лица, и обезбедување на помош и поддршка за независно и пристојно живеење на територијата на општина Радовиш потребно е обезбедување на квалитетна услуга за Помош и нега во домот, како и основање на Центар за активно стареење.

Општина Радовиш со цел да го намали влијанието на ризикот старост и да обезбеди пристап до социјални права и услуги за своите жители, активно е насочена кон децентрализација на социјалните услуги на локално ниво. Во рамките на програмата Општинско

корисна работа се обезбедува услугата Помош и нега во домот од страна на 25 обучени негователи кои им помагаат на старите лица со намалена функционала способност.

Дополнително оваа услуга ја обезбедува Општинската Организација на Црвениот Крст како лиценциран давател на социјална услуга, кој има вклучено 6 обучени негователи за нега на лица со Алцхајмерова болест кои обезбедуваа поддршка за помош и нега во домот во извршување на основни и инструментални активности.

**Услугата Помош и нега во домот ја обезбедува и Здружение на граѓани „Цаци“** кое во соработка со УНДП и општина Радовиш спроведува активности на терен во делот на социјалните услуги. Во моментов има 4 ангажирани обучени негователи кои посетуваат и помагаат на стари изнемоштени лица. Во тек е процес на лиценцирање на здружението и добивање на лиценца од страна на наделжните институции.

Услугата Помош и нега во домот е воспоставена на територијата на општина Радовиш, но со моменталниот капацитет и расположливите ресурси оваа услуга е достапна за мал број на граѓани. Неопходност е проширување на опфатот на услугата Помош и нега во домот, но и воспоставување на Центар за активно староење.

Во соработка со здружението на пензионери потребно е да се детектираат потребите и на мажите и на жените во трето доба и да се креираат програми за поддршка на овие граѓани.

## РИЗИК НЕВРАБОТЕНОСТ

Во општина Радовиш согласно Податоците на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија евидентирани се 1822 невработени лица, од кои 1026 невработени лица во градот, и 796 лица во руралните населени места. Од вкупниот број на невработени лица 53% се жени, односно 961.

| | | **Работоспособно население - ВКУПНО** |
|---|---|---|
| **Радовиш** | **15-19** | 1 322 |
| | **20-24** | 1 400 |
| | **25-29** | 1 474 |
| | **30-34** | 1 500 |
| | **35-39** | 1 515 |
| | **40-44** | 1 443 |
| | **45-49** | 1 638 |

| | | |
|---|---|---|
| | **50-54** | 1 674 |
| | **55-59** | 1 866 |
| | **60-64** | 1 860 |
| | **65+** | 4 256 |

Извор: Државен завод за статистика

Најголем дел од евидентираните невработени лица односно 1345 лица се без образование или со основно образование, со незавршено средно образование евидентирани се 90 лица, со завршено средно образовение има 320 лица, со вишо образовение 19 лица, 44 невработени лица со високо образование и 4 магистри на науки.

П Р Е Г Л Е Д на невработени лица според школска подготовка и пол со состојба на 31.03.2023 година Општина Радовиш

| **Вкупно** | | **Без образование и со основно образование** | | **Непотполно средно образование** | | **Завршено средно образование** | | **Више образование** | | **Високо образование** | | **Магистри на науки** | | **Доктори на науки** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Се** | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| **1822** | 961 | 1345 | 705 | 90 | 35 | 320 | 181 | 19 | 8 | 44 | 29 | 4 | 3 | 0 | 0 |

Извор: Агенција за вработување

Стапката на невработеност изнесува околу 12% и во последниве години не забележува значајни осцилации, забележано е покачување од 0.2% како резулат на економските влијанија од пандемијата со КОВИД 19.

Најголемиот дел од невработените лица се лица без образование и со основно образование, но не е мал и бројот на лица со завршено средно образование. Исто така имаме и лица со вишо или високо образование кои се невработени но со тенденција во иднина да се намалува овој процент.

Најголем дел од невработените лица се лица корисници на гарантирана минимална помош - право од социјална заштита. Иако согласно со законската регулатива од Законот за социјална заштита, обврска на вработените кои работат во центрите за социјална работа е изработувањето на планови за активација на лицата корисници на ГМП на локално ниво со цел обезбедување на вработување, поголем успех би бил постигнат ако се развие тесна соработка со граѓанскиот сектор и се идентификува давател на услугата кариерно советување со цел побрзо изготвување на биланс на компетенции и изнаоѓање на највработливиот член од домаќинството и негова брза активација на пазарот на трудот.

За да се намали стапката на невработеност и да се овозможи вклучување на невработените лица на пазарот на труд и подобрување на социо-економската состојба во општина Радовиш потребно е поврзување на институциите, бизнис заедницата и граѓанските организации за да се креираат мерки и програми за поддршка за завршување на образование, како и обуки за преквалификација и доквалификација за да им се дадат можности на невработените лица да бидат конкурентни на пазарот на трудот, а воедно да се обезбедат услуги за поддршка до вработување  преку поврзување на потенцијални работодавачи со невработените лица.

Потребно е поголема достапност на информации и вклучување на невработените лица во постоечките мерки за поддршка во склоп на годишните национани оперативни планови за вработување. Достапни се мерки за Обука и вработување на лица за обезбедување на услуги за грижа во заедницата, Обука за побарувани занимања, Обука на работно место кај познат работодавач, Втора шанса за завршување на средно образовение, Практиканство и Субвенционирање на плати.

## РИЗИК СИРОМАШТИЈА

Ризикот од сиромаштијата е еден од најголемите предизвици со кои се соочува наелението во нашата држава. Континуирано се забележува зголемување на бројот на поединци или семејства односно домаќинства кои живеат во сиромаштија.

Согласно Закон за социјална заштита, во општина Радовиш во Центарот за социјална работа евидентирани се 637 социјално загрозени домаќинства (со ниска економска активност ).

Податоците покажуваат дека најголем дел од домаќинствата корисници на гарантирана минимална помош се најчесто невработени лица со завршено само основно образование кои не се конкурентни на пазарот на труд, и се долги години корисници на финансиска поддршка од државата. Ова ја нагласува потребата за поддршка на корисницте на ГМП кои се работоспособно за нивна активација на пазарот на труд.

Локалната Самоуправа на општина Радовиш во соработка со ЈУМЦСР Радовиш и граѓанските организации секоја година креираат и спроведуваат програми и активности за поддршка на семејствата во ризик од сиромаштија.

Центарот за социјална работа обезбедува Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството за 637 домаќинства

Општината во соработка со МТСП обезбедува 60 оброци дневно за социјално ранливи категории лица. Оброците се подготвуваат во

просториите на кујната на ЈОУГД „Ацо Караманов“-Радовиш.

ОО Црвен Крст Радовиш во рамките на својата програма организира традиционални активности за собирање на донации од граѓаните и од собраните донции и сопствени приходи изготвува пакети со храна и хигиена кои дистрибуираат до социјално загрозени семејства.

Особено е важно да се воведат програми и услуги за социјална превенција за да се намали појавата на сиромаштијата како социјален ризик кај граѓанинот и семејството.

Во оваа насока од огромно значење се услугите за инфромирање и упатување што ги дава Центарот за социјална работа преку право на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита, право на помош на поединецот и право на помош на семејството преку примена на форми на стручна и советодавна работа.

Во областа на социјална превенција поддршка нудат предучилишните, училишните и здравствените установи, правни и физички лица и здруженија на граѓани, и потребно е развој на квалитетна и ефикасна социјална услуга за социјална превенција која ќе биде достапна за жителите на општина Радовиш.

Согласно Законската регулатива на Министерството за правда,  за граѓаните во ризик од сиромаштија се обезбедува бесплатна правна помош за сите граѓани кои поради сиромаштијата не можат да остварат ефикасен, квалитетен и навремен пристап до правда во остварувањето и заштитата на своите права. За граѓаните на општина Радовиш услугата бесплатна првна помош  е достапна на регионално ниво преку организациите кои се овластени да ја даваат оваа услуга.

## РИЗИК ПОПРЕЧЕНОСТ

Децата и лицата со попреченост се категорија на граѓани во социјален ризик. Според податоците на ЈУ МЦСР Радовиш во општината се евидентирани 255 лица со попреченост.

Надоместок поради попреченост се обезбедува заради поттикнување на социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, со навршени 26 години, се до најдоцна 65 годишна возраст. Корисници на посебен додаток (во продолжение ќе се користи ПД) се

**101** лице (деца до 26 годишна возраст), а поддршка за попреченост (категоризација по основ на слепило, глувост, интелектуална попреченост, мобилност над 26 години) добиваат 154 лица.

Општина Радовиш е насочена кон обезбедување на квалитетно и инклузивно образование.
Децата со попреченост се вклучени во установите за предучилишно образование во Јавната детска градинка Ацо Караманов Радовиш. Во склоп на градинката, од вкупно 472 запишани деца за кои е обезбедена грижа и воспитување на деца од предучилишна возраст, над 20 деца се со попреченост. Потребно е опремување на градинката со инструменти и помагала кои ќе ја подобрат програмата и квалитетот на престој на децата со попреченост во градинката, и ќе обезбедат нивна полесна инклузија во понатамошното образование.

Во рамките на основните и средните училишта се вклучени ученици со попреченост. Секое училиште има тим на професионалци кои посветено работат за поддршка на деца со различни видови на попреченост, деца од социјално ранливи семејства, и деца во ризик. Преку програмата на општинско корисна работа достапни се образовни аистенти за деца со попреченост во образовен процес.

Во општина Радовиш воспоставена е услугата лична асистенција, и моментално 7 сертифицирани лични асистенти ја обезбедуваат оваа услуга за 9 корисници.

На територијата на општина Радовиш постои Дневниот Центар за лица со попреченост ПОРАКА каде се обезбедуваат услуги за 12 лица со умерена и тешка интелектуална попреченост. Согласно програмата на дневниот центар се спроведуваат услуги за развој на вештини за независно живеење на лицата со интелектуална попреченост, и развој на социјалните вештини со цел нивна полесна интеграција во заедницата, Тоа претставува важен чекор во афирмацијата на оваа група на граѓани во општеството. Во програмските активности на Дневниот центар спаѓаат и работно-окупационите работилници на корисниците кои изработуваат украсни предмети и фигури од различни материјали и ја развиваат својата психомоторна координација.

Постојат неколку здруженија кои обезбедуваат поддршка на лицата со попреченост во општина Радовиш

- Центарот за подршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“-Радовиш ги застапува правата и интересите на лица со интелектуална попреченост на територијата на општините Радовиш и Конче. Во него членуваат 74 лица со интелектуална попреченост (умерена и тешка интелектуална попреченост) од општина Радовиш.
- Во општина Радовиш функционира и граѓанско здружение „Мобилност“ Радовиш како дел од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Република Северна Македонија во кој што членуваат граѓани кои имаат пречки во мобилноста поради телесен инвалидитет предизвикан од параплегија, дистрофија, ампутација на екстремитети, церебрална парализа, детска парализа, мултиплекс склероза и други невро-мускулни и коскени заболувања. Според евиденцијата Здружението на телесни инвалиди има вкупно 243 члена. Поголем дел од евидентираните членови на здружението се од подрачјето на град Радовиш, соработката со семејства и лица од руралните средини е послаба како и комуникацијата со нив. Се претпоставува дека има лица кои живеат во руралните средини на општината, а кои не се евидентирани и не користат услуги и бенефиции според програмата и спроведените активности на здружението.

Имајќи ја во предвид потребата од поддршка за лицата со попреченост преку обезбедување на поширока палета на услуги, неопходно е да се воспостави дневен центар за лица со други видови на попреченост во општина Радовиш. Пристапот до проширени социјални услуги за лица со попреченост што би ги нудел центарот ќе донесе придобивки за лицата со попреченост, нивните семејства и целата заедница.

## РИЗИК НАСИЛСТВО

**Насилството** станува се поактуелен проблем и секојдневно се зголемува бројот на жртви на насилство. Насилство претставува кршење на темелните човекови права, а последиците од изложеноста на насилство се многубројни и битно влијаат на менталното здравје на оние кои се изложени директно, но и на оние кои се набљудувачи на насилството. Искуството на граѓанските организации кои активно делуваат за превенција на насилство на територијата на општина Радовиш посочуваат на постоење на физичко насилство, економско насилство, насилство врз деца и насилство врз стари и изнемоштени лица.

Центарот за социјална работа во Радовиш обезбедува услуги за жртвите на насилство. На територијата на општина Радовиш работи АУСЖМ „Женска акција“ Радовиш. Во рамките на своите програмски активности здружението „Женска акција“ Радовиш обезбедува услуги за бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка на лица кои искусиле насилство врз жени и семејно насилство, обезбедува поддршка во нивната социјална интеграција и економско јакнење и по потреба, врши упатување до релевантни институции во врска со целосно остварување и заштита на нивните права и интереси. Во текот на 2022 година е отворен Центар за подршка на жени за територијата на општините Радовиш и Конче преку проектот „Достапни и ефикасни, дигитални и социјални услуги на општините Радовиш и Конче“ кој е дел од „Пост-КОВИД: општините како двигатели за одржливиот развој“ кој го имплементира УНДП во соработка со Бирото за регионален развој и Министерството за локална самоуправа. Во рамките на проектот отворен е Центар за подршка на жени на територијата на општините Радовиш и Конче кој обезбедува специјализирани услуги за советување на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство. Согласно принципите за работа на центарот на корисничките им се обезбедуваат услугите кои се во согласност со стандардите за работа на советувалиште за жени и деца жртви за семејно насилство. Просторијата е доделена од страна на ЕЛС Радовиш и е уредена согласно програмата за работа со жртви на семејно насилство.

Бројот на жртви кои побарале помош од Центарот за периодот јануари-јуни 2023 (период од 6 месеци) е 17 жени. Од тие жени 10 се упатени до институциите за понатамошна помош (бесплатна правна помош), шелтер центар, полиција, здравствен дом и.т.н. Психосоцијална подршка со директен контакт со психолог е дадена на 7 жртви. За разговор со психолог преку е-маил се јавиле 2

жртви. На телефон на „Женска акција“ се јавиле за помош 21 жена од кои директен контакт оствариле само 10 жени, другите се откажале. Центарот има изготвено Правилник за работа и во истиот се нуди бесплатна правна помош за жртвите на семејно насилство.

Потребна е потесна соработка помеѓу општина Радовип, центарот за социјална работа, МВР, останатите релевантни исnтитуции и граѓанските организации за задничко делување во превенција, спречување и заштита од насилство.

## 4. Социјални услуги

Социјални услуги се сите оние активности, мерки и програми наменети за спречување, идентификување и решавање на проблеми и тешкотии на поединците, семејствата, групите и заедниците и за подобрување на квалитетот на нивниот живот во заедницата. Истите се обезбедуваат на корисниците во нивната семејна и локалната заедница како вонинституционални услуги или како институционални услуги обезбедени со сместување на корисници во домови за социјална заштита.

Социјалните услуги се обезбедени со цел да им се овозможи на луѓето да живеат во заедницата и да обезбедат помош во ситуации кои го загрозуваат животот, здравјето и благосостојбата на корисниците. Целта на обезбедувањето социјални услуги е да се спречи социјалната исклученост на поединецот, да се поддржи животот во природната заедница и да се заштитат социјално ранливите групи на граѓани од кршење на нивните човекови права.
Социјалните услуги ги вклучуваат сите активности, мерки и програми дизајнирани да ги спречат, идентификуваат и адресираат тешкотиите на поединците, семејствата, групите и заедниците и да го подобрат квалитетот на животот во заедницата. Социјалните услуги се организираат како услуги за деца, млади и семејство и услуги за возрасни, истовремено почитувајќи ги социјалните врски и околината на корисниците и семејствата. Социјалните услуги вклучуваат и социјални активности како активност насочена кон промовирање на правата на корисниците и поврзување на сите даватели на социјални услуги во локалната заедница со цел да се подигне квалитетот на животот на социјално ранливите групи. Социјалните услуги можат да бидат обезбедени привремено или долго време, според потребите и најдобрите интереси на корисниците.

Социјалните услуги се обезбедуваат преку голем број даватели на услуги за различни групи на корисници, кои, во зависност од нивниот официјален правен статус, можат да се поделат во институции за социјална заштита (центри за социјална заштита, домови за социјална заштита, центри за услуги во заедницата, центри за помош во дом), други правни лица (првенствено здруженија и верски заедници), физички лица кои самостојно вршат професионални активности (претежно во семејниот дом) и згрижувачки семејства.

Освен социјалните услуги обезбедени од надлежните институции согласно законската регулатива, **На територијата на Општина Радовиш активно делуваат граѓански организации кои обезбедуваат информатива, советодавна поддршка и услуги во социјалната сфера,** спроведувајќи програми кои може да се развијат во одржливи и квалитетни социјални услуги.

**ЦИЛИП-ПОРАКА Радовиш -** обезбедува законски можности за обезбедување на еднакво учество и вклучување на лицата со интелектуална попреченост во граѓанското општество. Развивање на алтернативни сервиски служби во местото на живеење согласно принципите за изедначување на можностите на лицата со интелектуална попреченост, остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во граѓанското општество.

**„Црвен крст“-општинска организација Радовиш** – спроведува бројни активности за поддршка на граѓани во социјален ризик, а воедно обезбедува и социјални услуги како услуги на информирање и упатување, социјална превенција, Помош и нега во домот и лична асистенција. Активностите на Црвениот Крст се насочени кон социјално-хуманитарна дејност за ранлви целни групи, преку работа со деца и млади со попреченост и деца сместени во згрижувачки семејства, кој опфаќа активности од типот на работилници, екскурзии, едукации и слично. Со ранливи целни групи како лица со попреченост во текот на годината континуирано се спроведуваат активности и со другите здруженија и организации. Во рамките на своите програми ООЦК Радовиш спроведува активности за социјална заштита е поддршка и ресоцијализација на старите лица.

**Здружение „Цаци“** е граѓанско здружение кое во соработка со УНДП и општина Радовиш спроведува активности на терен во делот на социјалните услуги, односно воспоставување и обезбедување на услугата Помош и нега во домот.

**АУСЖМ „Женска акција“ Радовиш – обезбедува** помош и подршка на жени жртви на насилство кои ја напуштиле насилната средина за општините Радовиш и Конче.Здружението раководи со Центар за поддршка на жени во општина Радовип каде се обезбедуваат услуги за

- психолошко советување и индивидуална или групна психотерапија;
- упатување и придружба до релевантни институции и организации;
- психосоцијална подршка во процесот на реинтеграција и рехабилитација:
- информирање на клиентите за нивните права и остварување на истите.

**„Мобилност“ Радовиш-дел од Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на РСМ обезбедува поддршка на лица** намалена функционална способност поради телесен инвалидитет предизвикан од параплегија, дистрофија, ампутација на екстремитети, церебрална парализа, детска парализа, мултиплекс склероза и други невро-мускулни и коскени заболувања, доколку се зачувани менталните способности.

**Здружение на граѓани „Лајф Старт“ –Радовиш**

Здружението „Лајф Старт“-Радовиш активно и посветено работи со подршка на УНИЦЕФ. Првите почетоци се од 1999 година каде имаат активно работење во процесот на образование и грижа за децата, потоа проектот со Центрите за Ран детски развој, кои 17 активно работеа за потоа да бидат предадени на МТСП и Градинката „Ацо Караманов“. Во годините претходно направени се и повеќе активности како: реконструкции на спортска училишна сала, две училници и ходникот на ООУ„Никола Карев“, потоа набавка на комплет столчиња и масички за ООУ„К.Петков Мисирков“ и ООУ„Никола Карев“, опремување на 15 Центри за ран детски развој, вклучувајќи го и Центарот во Шаин Маале. Сите овие активности се реализирани од тимови помогнати од Канцеларијата на Уницеф во Скопје. Покрај тоа се реализирани и проект за Описменување на возрасни неписмени лица, проект за имунизација на лица од мала до училишна возраст, проект за подршка на болни од ТБЦ, проект Социјален развој на заедницата и др. Во изминатите девет години здружението активно работи со општина Радовиш со која има континуирани партнерски односи во делот на реализација на образовни проекти.

Во изминатиот период општина Радовиш, заедно со сите чинители вклучени во полето на социјална заштита, посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на жителите на општина Радовиш, но и на воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе спречат создавање на нови социјални ризици, а ќе помогнат да се надминат постоечките социјални ризици.

## 4.1 Постоечки социјални услуги

Општина Радовиш посветено и континуирано работи на создавање на услови за обезбедување на социјални услуги преку спроведување на бројни проекти со поддршка од различни донатори, спроведувани од поголем број на институции и здруженија на граѓани кои што имаат потенцијал да преминат во социјални услуги.

Во последниве години достигнати се значајни резултати преку спроведување на Програмата Општинско-корисна работа (ОКР) се реализира со поддршка на УНДП и Министерство за труд и социјална политика (АВРМ и МЦСР).

Програмата е насочена кон поддршка на невработените лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд или лицата од социјално ранливите категории. На овие лица им се обезбедува работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на вештини и работно искуство за да бидат поконкурентни на пазарот на трудот. Освен поддршка за надминување на ризикот невработеност, програмата Општинско корисна работа овозможува и зголемување на понудата на социјални услуги, согласно потребите на населението, како и помош на институциите од оваа област на територијата на Општина Радовиш. Во Општина Радовиш преку оваа програма се дава поддршка на негата и грижата за одредени целни групи на корисници, како деца од

претшколска возраст, стари и изнемоштени лица и лица со попреченост и други ранливи категории.

Од социјалните услуги кои се обезбедуваат согласно со Законот за социјална заштита од страна на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи - Радовиш, достапни се

**4.1.1. Услуги на информирање и упатување**

Согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Радовиш.

Услуги за информирање и упатување обезбедуваат и граѓанските здруженија АУСЖМ„Женска акција“ -Радовиш, Здружение ПОРАКА, Здружение „ЦАЦИ“ и „Црвен крст“ општинска организација-Радовиш

**4.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка**

Согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Радовиш.

Дополнително и здружението АУСЖМ„Женска акција“ -Радовиш обебзедува усслуги за стручна помош и поддршка.

**4.1.3. Услуги на советување**

Согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Радовиш.

Услуги за советување се обезбедуваат и од здруженија на граѓани АУСЖМ„Женска акција“ -Радовиш, Црвен Крст – општинска организација Радовиш, Здружение ЦАЦИ, Здружение ПОРАКА.

**4.1.4. Услуги во домот**

Нега на стари лица во домашни услови

Во општина Радовиш за лицата со намален функционален капацитет, лицата со попреченост и стари лица над 65 години кои живеат сами е достапна услугата Помош и нега во домот која ја обезбедува давател на социјална услуга Здружение Цаци. Со оваа услуга се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот најмногу до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

Општинската Организација на Црвениот Крст како лиценциран давател на социјална услуга обезбедува помош и поддршка за независно живеење за лица со Алцхајмерова болест.

Лична асистенција

За лица со потешка до најтешка попреченост на возраст од 18 до 65 години кои живеат на територијата на општина Радовиш, ООЦК Радовиш ја обезбедува услугата лична асистенција. Со оваа услуга се овозможува независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка.

### 4.1.5. Услуги во заедницата

Услуги за дневен престој

**Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост -ПОРАКА активно делува на територијата на општина Радовиш со цел** развивање на вештини кај лицата со интелектуална попреченост за полесно да се осамостојат и остварување на можноста за самостоен живот и функционирање. Услугите на центарот се достапни за 12 лица со умерена и тешка интелектуална попреченост. Согласно програмата на дневниот центар се спроведуваат услуги за развој на вештини за независни живеење на лицата со интелектуална попреченост, и развој на социјалните вештини со цел нивна полесна интеграција во заедницата, Тоа претставува важен чекор во афирмацијата на ова група на граѓани во општеството. Во програмските активности на Дневниот центар спаѓаат и работно-окупационите работилници на корисниците кои изработуваат едноставни украсни предмети и фигури од различни материјали и ја развиваат својата психомоторна координација.

Во општина Радовиш има основано **Центар за Ран детски развој** кој има цел Зголемување на пристапот и партиципацијата на децата Роми до квалитетен ран детски развој, и неговата програма е насочена кон активности за поддршка на образованието.

**Пензионерски клуб**, во соработка со здружение на пензионери Радовиш кое е едно од најстарите здруженија на Република Северна Македонија, и функционира како невладина, доброволна организација, организирана во урбаните заедници и руралните заедници во општината. Пензионерскиот клуб овозможува реализација на активности насочени кон социјализација и поквалитетен живот на прензионерите од општина Радовиш и општина Конче.

**Услуга за вон-семејна заштита**

Услуга за сметување во установа

Во општина Радовиш постои еден дом за стари лица кој е во склоп на домот за стари лица Астреон кој е приватна установа за згрижување на стари лица, Капацитетот за сместување на објектот во општина Радовиш е 30 лица, и капацитетот за сместување е целосно исполнет.

Основна дејност на Установата е сместување на стари, изнемоштени и хронично заболени лица, возрасни и стари лица кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување. Услуги кои ги нуди установата се: сместување, исхрана, помош, нега, здравствена заштита, културно-забавни, работни, рекреативни активности, услуги на социјална работа, работно производна активност, работна терапија и сл.

Услуги за реинтеграција и ресоцијализација

Услугите за реинтеграција и ресоцијализација во неправана форма ги обезбедуваат здруженија на граѓани и тоа:

-здружение кое што работи на обезбедување на бесплатни обуки за лица од ранливи категории, организирани на тој начин што лицата посетуваат обука заедно со лица од друг вид на ранливост, но и со лица кои што не припаѓаат на одредена ранлива група.

-здружение кое што работи со лица со интелектуална попреченост и согласно нивните можности најголем дел се приспособуваат на секојдневните животни обрски.

-здружение чие поле на дејствување е население претшколска, школска возраст и ромското население односно создавање на подобри услови за образование на децата кои што се вклучени во центар за Ран детски развој.

Посебни општински програми за вклучување на образовни асистенти во основните училишта, и програмата ОКР на УНДП.

Интересно е да се одбележи дека станува видлива и потребата за социјална превенција. Две здруженија кои даваат услуги за згрижување и образование на децата од школска возраст во времетраење од два до четири часа каде децата се згрижени и извршуваат школски активност (пишување домашни задачи, учење, дружење и др.). Ова е еден вид на воспоставена поддршка и самопомош на граѓани, што е позитивен пример и треба да поттикне и други случни иницијативи, кои може да прераснат во идни социјални услуги.

### 4.1.6. Услуги за вон-семејна заштита

Сместување во установа

- Во Радовиш постои еден дом за стари кој е приватен. Дејноста на Установата е сместување на стари, изнемоштени и хронично заболени лица, возрасни и стари лица кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување. Услуги кои ги нуди установата се: сместување, исхрана, помош, нега, здравствена заштита, културно-забавни, работни, рекреативни активности, услуги на социјална работа, работно производна активност, работна терапија и сл.

Во општина Радовиш постојат и Здруженија на граѓани кои што веќе активно работат на обезбедување на социјални услуги или би сакале да работат на нивно обезбедување. Во развојот на овој социјален план сите здруженија кои делуваат во областа на социјална заштита зедоа активно учество со цел да се направи посеофатна анализа на моменталната ситуација, да се идентификуваат приоритетоте и да се креираат планови за воспоставување на нови или подобрување на постоечки социјални услуги на територијата на општина Радовиш.

## 4.2 Нови социјални услуги

Како би се постигнале подобри услови за живот, но и подобра и посилна заедница, општина Радовиш во наредниот период во своите локални политки и програми согласно законската регулатива има предвидено развој на нови социјални услуги и поддршка за подобрување на постоечките социјални услуги. Најголем дел од услугите кои што се понудени од здруженијата на граѓани, од кои што дел веќе преминуваат и во социјални претпријатија, се поддржани од донатори преку пилот проекти насочени кон децентрализација на социјалните услуги ан локално ниво, за што е неопходно обезбедување на одржливост и воспоставуавање на долгорочно стабилни социјални услуги. Покрај вложување на сопствените средства Општината тесно ќе соработува со МТСП, ќе развива соработки со донатори и ќе имплеметира проекти и грантови, се со цел овие услуги да да бидат овозможени на што е можно поголем број на корисници кои имаат потреба од нив.

### 4.2.1. Услуги на информирање и упатување

Покрај тоа што ЈУ МЦСР Радовиш ја има основната улога во овој поглед, оштината размислува и самостојно да ја дава услугата на информирање и упатување, преку вработување на стручни лица.

Услугите би биле насочени кон

- Споделување на информации за можности за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се регистрирани во евиденцијата на Центарот за вработување.
- Давање дополнителна помош и поддршка за искористување на правата од социјалната и здравствената заштита и можностите поврзани со активација и вработување. (согласно Законот за вработување на инвалидни лица, Годишните програми за самовработување, согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, итн)
- Изработка на мобилна апликација за пристапност на лица со попреченост, која е во фаза на планирање и би била изготвена со цел да го олесни информирањето за пристапни места и послесна мобилност.

### 4.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка

Во иднина се планира покрај стручната помош и поддршка обезбедени преку Меѓуопштински центар за социјални работи Радовиш согласно член 72 од Законот за социјална заштита, да се прошири достапноста на услугите за стручна помош и поддршка преку јакнење на капацитетите и обезбедување на одржливост на **здруженијата на граѓани** кои што веќе даваат стручна помош и поддршка на лица од ранливи групи , Во таа насока ќе се даде поддршка на здруженијата да ги лиценцираат своите услуги и во соработка со центарот за социјална работа да ги обезбедуваат услугите на стручна помош и поддршка согласно на потребите на приоритетните групи на граѓани кои што се одредени од МЦСР Радовиш. Соработката со здруженијата на граѓани и користење на нивните стручни услуги е важна за а се креира ефективен одговор на тековните потреби, како што се психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство, лица со проблеми на зависност, корисници на наркотични дроги, и др.

Во иднина општината во соработка со здруженија на граѓани ќе се насочи кон поддршка за организирање на обуки за работно оспособување на лица од ранливи категории, како и нивниот личен и професионален развој. Оваа услуга во целост ќе ја поддржува реинтеграцијата и ресоцијализацијата, и заедно со услугата информирање и упатување ќе сочинува пакет од услуги. Ова е во контекст на реструктуирањето на работата на Центрите за социјална работа и работењето на случај кај идентификуваните лица во социјален ризик.

### 4.2.3. Услуги на советување

Општина Радовиш и во иднина ќе продолжи да дава поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува МТСП. Во целост ќе се поддржи работата на граѓанските здруженија кои во моментов даваат услуги како НВО „Женска акција кои обезбедуваат

услуги за советување на жени и девојки жртви на насилство. Планирана е поддршка и за други стручни организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории на граѓани во социјален ризик, надвор од надлежностите и опсегот на центарот за социјална работа.

### 4.2.4. Услуги во домот

Помош и нега во домот

Идентификувана е потреба од проширување на постоечката услуга Помош и нега во домот која во моментов ја обезбедуваат два даватели на социјални услуги ООЦК Радовиш и Здужение ЦАЦИ, Зголемениот број на баратели за користење на оваа услуга ја потенцира неопходноста од зголемување на капацитетите, пред се човечките капацитети со што би се зголемил и обемот на услугата и бројот на опфатени корисници со услугата Помош и нега во домот.

Општина Радовиш би обезбедила поддршка за креирање на Центар за давање на социјални услуги на стари, и изнемоштени лица во домашни услови, обезбедување на социјална и здраствена грижа на истите, едукација и лиценцирање на невработени лица како потенцијални негователи и даватели на услугата Помош и нега во домот, набавка на моторно возило за спроведување на активностите, и сл.

Лична асистенција

Услугата лична асистенција е воспоставена на територијата на општина Радовиш од страна на ООЦК Радовиш, но мал е обемот и опсегот на корисници на оваа услуга. Во иднина ќе се делува за подобрување и проширување на услугата лична асистенција за да може да биде зголемен бројот на лицата кои ја користат оваа услуга и да се обезбеди на еднаков пристап до права и услуги за лицата со попреченост во општина Радовиш.

### 4.2.5. Услуги во заедницата

Услуги за дневен престој

**Дневен престој за лица со попреченост** - Согласно податоците од мапирањето и значително големиот процент на лица со попреченост, за задоволување на потребите на лицата со попреченост на дневно ниво кое што ќе води кон подобрување на квалитетот на живот и нивна интеграција во општеството, покрај услугата лична асистенција неопходно е подобрување на услугата за дневен престој. Потребно е проширување на спектарот на услуги кои ги нуди ценатрот за лица со интелектуална попреченост, и создавање на можности за услуга за дневен престој за лица со друг вид на попреченост.

**Центар за ученици со потешкотии во учењето** за подршка на учениците со попреченост и потешкотии во учењето. Ова подразбира вработување на сите потребни профили на стручни лица логопед, психолог и социјален работник, а со цел формирање на комплетен тим за работа со лицата што го посетуваат центарот.

Улогата на Центарот е да помогне во раната интервенција, соодветен третман, индивидуална подршка и едукација на учениците со попреченост и потешкоти во учењето во насока на подобрување на нивните когнитивни, бихејвиорални, социјални вештини и способности. Вклучувањето на детето со попреченост во редовната настава и во Центарот ќе му овозможи на детето целодневно згрижување, едукација, социјализација и планирање на слободните активности. Формирањето и организирањето на Центарот за дневен престој нуди социјални услуги со доминантна образовна дејност опфаќајќи ги учениците со попреченост и потешкотии во учењето, но во исто време нуди и комбинирани социјални услуги кои се насочени кон зајакнување на способностите, знаењата и вештините на родителите за соодветна подршка на нивните деца во однос на совладување на образованите индивидуални цели, за разбирање на периодите на одрастување на нивните деца и нивно успешно надминување, како и соодветна подршка на родителите во изградувањето на самостојни и функционални личности кои во иднина ќе станат активни членови во заедницата.

Дневен престој за стари лица со програма за активно стареење – При мапирањето спроведено за подготовка на социјалниот план се детектираше потребата од воспоставување на услуга за дневен престој за стари лица со програма за активно стареење. Оваауслуга преку програмата за активно стареење ќе вклучи општа стратегија за животен стил што овозможува зачувување на физичкото и менталното здравје за време на процесот на стареење, преку зголемена физичка активност, здрави нутритивни навики, когнитивно функционирање и социјална интеракција.

Формирање на **младински клуб** со содржини за развој на креативни активности: музика, филм, театар, компјутерски дизајн, развој на спортски активности во склад со просторот, шаховски клуб, маси за пинг - понг на расклопување, итн. Клубот би се користел и од давателите на услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, за да се обезбеди интеграција и да се превенира стигматизација или дискриминација.

Формирање на Здружение на еднородителски семејства кое ќе развива свој **сервис за доедукација на деца** 2 до 4 часа вклучително и деца со посебни потреби, сервис за помош на децата од училишна возраст при учење и пишување на домашни задачи на деца, вклучително и за деца со посебни потреби.

Исто така обезбедена е поддршка за континуирана работа на Центарот за ран детски развој за деца роми кој ќе прерасне во **Центар за кариерно советување** за образование на деца роми и нивните родители.

Услуги на реинтеграција и ресоцијализација

Со оглед на тоа дека постојат граѓански здруженија кои веќе имаат искуство во давање услуги, заложбата на општина Радовиш ќе биде мотивација и нивна поддршка во комплетирање на лиценцирање на услугите во согласност со Правилниците кои произлегуваат од Законот за социјална заштита. Во оваа насока ќе продолжи соработката со сите оние кои и во моментот даваат услуги, но ќе се работи и на проширување на можностите, на пример поддршка на здружение кое што работи со лица со интелектуална попреченост кое покажува интерес за имплементација на социјални услуги кои што би го подобриле животот на нивните штитеници, преку дневен центар во кој што лицата би се подготвиле за да самите да станат економски независни.

Сегашните идентификувани бројки за пасивни жени баратели на работа, невработени над 55 години, НКВ невработени и долгорочно невработени, општината ги гледа како потенцијал и ресурс за развој на сервисните услуги. Со соодветна обука или преквалификација/доквалификација тие може да се ангажираат кај провајдери/здруженија на граѓани – даватели на услуги, да се оспособат и да станат самостојни даватели на услуги, но и да се здружат и да формираат/бидат дел од социјалните претпријатија.

- Во зависност од приоритетите на општината и повиците за активација на УНДП ќе се идентификуваат приоритетни групи за следните 3 години. Според тоа ќе се продолжува и учеството во проектот за Општинско корисна работа.
- Согласно со Годишната програма за активните мерки за вработување и барањата на невработените лица, очекувано е да се активираат мерките за бараните занимања и со нив да се влијае на намалување на невработеноста кај различни категории на лица во ризик.
- Индикаторите за економски развој на Радовишкиот регион регион и можностите кои се темелат, пред се, на природниот фактор (земјоделството, шумарскиот потенцијал, минералното богатство, итн) во комбинација со услугите за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, може да одиграат позитивна улога за самовработување (отпочнување сопствен бизнис).

Во наредниот период е планирано Воспоставувањето на центар за обука на заедницата кој ќе може да има трансформативно влијание врз заедницата за справување со различни предизвици и обезбедување практични решенија на локалните проблеми. Од подобрување на пристапот до образование и можности за вработување до поттикнување креативност, ангажман во заедницата и претприемништво, овој интегриран пристап ќе го поддржува холистичкиот развој на поединците и заедницата како целина. Центарот ќе служи како витален ресурс кој ќе ги охрабрува поединците да го отклучат својот потенцијал, да се вклучат на пазарот на трудот и да придонесат за локалниот економски раст и социјален развој во заедницата.

Важно е да се напомене дека за општина Радовиш од голема важност е и социјалната превенција, и во таа насока ќе се работи на поддршка на активности кои ќе придонесат спречување на социјални проблеми.

Исто така тековно ќе се работи да се најде решение за проблемите кои бараат мултисекторски пристап, како на пример да се осмисли дополнителна помош и поддршка за дел од домаќинства, корисници на гарантирана минимална помош со статус на самец, со цел да се надмине нивната социјална исклученост.

Во плановите на општина Радовиш е и развивање на волонтерската работа со цел унапредување на различни аспекти од секојдневниот живот на населението, и меѓусебна поддршка на различни ранливи групи.

## 4.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Социјалните ризици се глобален феномен, имаат неповратни и директни импликации врз општеството, предизвикуваат големи предрасуди, во зависност од културниот, политичкиот и економскиот контекст во кој се појавува оваа појава. При дефинирање на концептот на социјален ризик, се преземаат неколку пристапи кои ги рефлектираат мултидисциплинарниот карактер и комплексноста на домените за применливост.

Социјалните ризици претставуваат веројатност за појава на закани и неизвесности што се јавуваат како резултат на модернизација на општеството, што може да доведе до неповратна штета за сите форми на живот. Социјалниот ризик се однесува на можноста за потенцијално социјално нарушување, конфликти и социјална штета, предизвикано од фактори на несигурност од различни области. Современите социјални ризици се однесуваат на опасности и несигурност од систематскиот процес на модернизација.

Особено е важно влијанието на Социјалните ризици како клучни фактори за економска и социјална кохезија, врз квалитетот на живот во локалната заедница.

Со изработката на овој Социјален план, меѓудругото, ги идентификуваме постоечките социјални ризици и правиме приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги.

Според состојбите во општината прикажани погоре, најголеми социјални ризици во општина Радовиш се:

- ✓ Старост

- ✓ Невработеност
- ✓ Сиромаштија
- ✓ Попреченост
- ✓ Насилство

## 4.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување

| **Социјален ризик** | **Спецификац ија на социјални ризици** | **Постоечки услуги** | **Постоечки човечки ресурси** | **Развој на нови услуги** | **Потребни капацитети** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Стари лица | 1.1 Стари лица 65 + ,<br>1.2 Стари лица со деменција и Алцхајмерова болест<br>1.3 Стари изнемоштени лица<br>1.4 Стари лица со хронични болести | - Услуги на советува ње<br>- Услуга на вон- семејна заштита (сметување во установа)<br>- услуга во домот (помош и нега во домот) | - Социјален работник<br>- Педагог,<br>- Психолог,<br>-Искусни општински координатори сертифициран и негователи – даватели на услуга Помош и нега во домот | - Услуга во заедницата (дневен центар за активно стареење)<br>- Услуга на вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | - Социјален работни - Координатор<br>- Сертифицира ни негуватели/ки<br>- Физиотерапевти<br>-Психолог<br>-Медицинска сестра |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.Невработени лица и млади невработени лица | 2.1 Активни баратели на работа<br>2.2 долгорочно невработени над 50 години<br>2.3 Невработени лица со одредена попреченост, а баратели на работа<br>2.4 Лица корисници на ГМП<br>2.5 Невработени млади лица | Услуги за стручна помош и поддршка<br>Услуги за подршка до вработување обезбедени од граѓански организации | АВРМ Радовиш<br>ЈУ МЦСР<br>Радовиш<br>Здруженија на граѓани | -Услуги за<br>информирање и<br>упатување<br>-Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги<br>на ресоцијалзиацијa | - Правник<br>-Социјален работник<br>-Тренинг провајдери<br>-Психолог<br>-Специјалнен едукатор и рехабилитатор<br>-Тренер/Водич за вработување |
| 3. Сиромаштија | 3.1 Материјално загрозени лица<br>3.2 Корисници на ГМП<br>3.3Самохрани родители<br>3.4 Лица без решено домување<br>3.5 Лица кои претрпеле елементрана непогода<br>3.6 лица без основно образовение, претежно Роми | - Програма Општинско корисна работа<br>-Народна јујна<br>-парина помош од општината<br>-услуги за социјална превенција<br>-Хуманитарни акции од здруженија на граѓани | Вработени Во ЈУ ЦСР Радовиш,<br>- медијатори за вработување<br>-волонтери на Црвен Крст | - Мерки за завршување на образование, дооедукација и преквалификација<br>-Советодавни услуги<br>-Услуги за информирање и упатување<br>-Услуги за бесплатна правна помош<br>-Услуги на советување и психосоцијална помош за долгорочно невработени лица | -Психолог<br>-Социјален работник<br>-Правник |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Лица со попреченост | 4.1 Лица со физичка попреченост<br>4.2 Лица со интелектуалн а попреченост<br>4.3 Лица со аутизам и даунов синдром<br>4.4 Лица со комбинирана попреченост | - Услуги во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуга на советува ње<br>- Услуга на информирање и упатување | Вработени Во ЈУ ЦСР Радовиш,<br>- Образовни асистенти | - Услуга во домот (лична асистенција)<br>- Услуга во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуга на вон-семејна заштита (живеење со поддршка и згрижување во друго семејство) | - Координатор<br>- Социјален работник<br>- Сертифицирани лични асистенти<br>- Психолог<br>- Специјален едукатор-рехабилитатор<br>- Дефектолог<br>- Логопед |
| 5.Насилство | 5.1 Жени жртви на семејно насилство<br>5.2 Деца жртви на семејно насилство<br>5.3 Мажи жртви на семејно насилство<br>5.4 Жртви на насилство надвор од дом | - Услуги во заедницата (услуга за привремен престој)<br>-- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги за советување и психо-социјална поддршка обезбедени од здружение | Лица од МВР и ЈУ ЦСР Радовиш Здруженија на граѓани со знаење и искуство за обезбедување на поддршка на жени и девојки жртви на насилство | - Услуги на советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата (рехабилитација, ресоцијализација, услуга за привремен престој) | - Социјален работник<br>- Психолог<br>- Правник<br>- Едукатор/ рехабилитатор<br>- Работен терапевт |

## 4. 4 Потребни капацитети и финансиска поддршка

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет / опфат (број на корисници, површина, територија, итн) | Потребни финансиски средства | Извори на финансирање или начин на прибирање на потребните финансиски средства | Планирана соработка со: | Време / период на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги на информирање и упатување | Информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување, но и дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјалната и здравствената заштита и можностите поврзани со активација и вработување. | Постоечки ресурси на ЗГ, обезбедено инфо катче во простории на Општината | Лица од ранливи групи на ниво на општина | 253.200 ден х 4 год. =1.012.800 ден за вработување | Буџет на општина Радовиш | МТСП, ЈУ МЦСР - Радовиш НВО | 4 год. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување на мобилна апликација за пристапност на лица со попреченост | // | Лица од ранливи групи на ниво на општина | 100.000 | Општина Радовиш | НВО | 4 год. |
| Услуги на советување | Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик (жртви на семејно насилство, роми, лица со попреченост) | Потребно е Јакнење на човечки капацитети, обезбедување на опрема | Лица од ранливи групи на ниво на општина Радовиш | 400.000 ден<br><br>400.000 ден | Донатори – грантови,<br><br>Буџет на општина Радовиш | МТСП, ЈУ МЦСР - Радовиш, НВО | 4 год. |
| Услуги во домот | Обезбедување на услуга Помош и нега во домот | Јакнење на човечки капацитети обуки, опрема, ангажирање на 15 негователи | 120 лица | 4 x 9636.000= 38.544.000 ден<br>300.000 обука x 4год. =1.200.000 ден | Донатори – грантови, Светска Банка МТСП ОО Црвен крст | МТСП, ЈУ МЦСР - Радовиш, ОО Црвен крст | 4 год. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги во заедницата | Проширување на услугата дневен престој на лица со интелектуална попреченост Во постоечкиот дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост за поголема целна група кој е под ЈУ МТСП | Потребно е нови вработувања и набавка на возило за превоз на корисниците | 40 лица | 4.000.000 Плати<br>1.600.000 возило | МТСП<br>Донатори – грантови, | МТСП, ЈУ МЦСР - Радовиш, НВО | 4 год. |
| | Формирање на Мултифункционални центри од отворен тип со посебен акцент на ранливи категории на граѓани | Реконструкција на Простор ,опрема Вработување Режиски трошоци | Лица од ранливи групи на ниво на општина Радовиш | 6.000.000 ден<br>600.000 ден | Донатори – грантови,<br>Буџет на општина Радовиш | Општина Радовиш во соработка со Здруженија на граѓани и локални институции , МТСП | 48 месеци |
| | Мултифункционален простор дневна соба на градот едукативен, креативен и пред се информативен простор | Реконструкција и опремување на простор во Факултетот | Лица од ранливи групи на ниво на општина Радовиш | 2.000.000,<br>1.000.000 | Донатори – грантови, | Општина Радовиш во соработка со Здруженија на граѓани и локални | 48 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | институции МТСП | |
| | Обезбедување на кариерно советување за за образование на деца роми и нивните родители . | Обезбедување на простор во факултетот, реновирањ еи опремување, ангажирање на две лица | Лица од ранливи групи- роми на ниво на општина Радовиш | 2.000.000 ден, 1.000.000 ден | Донатори – грантов и, Буџет на општин а Радови ш | МТСП, НВО | 4 год. |
| | Центар за активно стареење | Простор обезбеден и опремен во сопственост на Здружението на пензионери. Потребно е ангажирање на 1 координатор | Стари лица на ниво на општина Радовиш | 253.200 ден х 4 год.= 1.012.800 ден . 250.000 ден режиски трошоци | МТСП, Здружение на пензионери | Општина Радовиш во соработк а со Здруженија на граѓани и локални институци и МТСП | 4 год. |

## 4.5 Лиценцирање на даватели на услуги

Според законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги. Соодветно на потребите на новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање согласно со правилниците кои произлегуваат од Законот.

## Анекс 1 Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита

## Анекс 2 Планови за воведување и подобрување на социјалните услуги

| |
|---|
| **План „Порака“:** Корисниците на дневниот центар да стекнат вештини за самостоен живот со подршка во рамки на нивните семејства или во стамбени единици за самостојно живеење со подршка од стручни лица. |
| **План „ООЦК“ Радовиш:** ООЦК Радовиш има можност за аплицирање и аплицира на следниве јавни конкурси: Јавен конкурс за доделување на средства за здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги за кој јавен конкурс ООЦК Радовиш веќе ги подготвува документите за аплицирање за што потоа е во план да се склучат управни договори со МТСП и истата услуга ќе продолжи да се дава на крајните корисници од страна на асистентите |
| **План АУСЖМ„Женска Акција“ Радовиш:**<br>- Реинтеграција и рехабилитација на жени жртви (воведување на можности за долготрајно домување по напуштање на насилната средина, обезбедување на долготрајна финансиска помош при вработување, дообучување и психосоцијална подршка на жртвите и нивните деца)<br>- градење на станови за социјално загрозени лица, а жртвите на насилство да бидат препознаени како посебвна ранлива категорија и приоритетна во одлуките за доделување на станови на локално ниво;<br>- Воведување на мерки за самовработување и преквалификација која ќе им го олесни пристапот за полесно вклучување на пазарот на труд, дизајнирана според спецификите на посебно ранлива категорија-жени жртви на |

насилство и нивните индивидуални потреби;
-зголемување на бројот на стручни лица вработени во Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи и локалниот Центар за вработување како и нивно континуирано едуцирање;
- Формирање на мултисекторски тимови, нивно вмрежување и јакнење за да можат да ја организираат, следат и унапредат координирата заштита. Членовите на овие тимови би можеле да ги известат своите колеги за активностите и плановите кои ги превземаат, со што ќе ги запознаат со проблематиката на партнерското и семејно насилство.
- Подобрување на соработката преку склучување на Договор/Мемомрандум со општината и невладиниот граѓански сектор на локално ниво за континуирана поефикасна и поефективна соработка помеѓу истите;
- Едукација на вработените лица во ЈУМСЦР Радовиш за водење на случај за реинтеграција како процес;
- Сензибилизација и информирање на пошироката општествена јавност со цел препознавањње и пријавување на случаите на семејно/родово базирано насилство;
- Организирање на тематски форуми и советувања за вработените кои работата директно со жртви на насилств о, особено организирање на советувања и едукации за зголемување на сензитивноста на овластените полициски службени лица, со посебен акцент во однос на специфични проблеми и потреби на жени, кои се значително повеќе изложени на различни формии на насилство.
- Имајќи ја в о предвид важноста на иницијално згрижување на жртвата, препорака е формирање на мобилен тим за моментална акција сочинета од претставници од различни институции за постапување по Протокол и вклучување на претставници од НВО кои се занимаваат со ова проблематика;
- Неопходно е обезбедување на помош и подршка на жените што претрпеле насилство паралелно со водење на судските постапки за заштита преку подобрување на постојните сервиси и воспоставување на нови (програми за психо-социјален третман и специјализирана подршка на жртвите на семејно насилств о, како и за децата кога се директни жртви или сведоци на насилство);
- Унапредување на системот на заштита со програми за психо-социјален третман на сторители на насилство, заради коригирање на насилното однесување;
- Унапредување на системот на заштита на жртвите на насилство, преку воспоставување на засолништа за жртви на насилство, СОС лчинии и програми за реинтеграција на жртвите на семејно/родово базирано насилство;
- Формирање на посебен наменски фонд за жени жртви на насилство со цел да се покријат трошоците за судски такси и трошоци за обезбедување на докази во судските постапки;
- Потребно е да се издвојат финансиски средства за подршка на работата на здруженијата на граѓани кои обезбедуваат специјализирани услуги за жени жртви на насилство и семејно насилство;
- Општина Радовиш да подготви и усвои годишни програми за социјална заштита каде жените жртви на насилство ќе бидат препознаени како посебна ранлива категорија и за кои ќе се обезбедат посебни услуги, помош и поддршка;
- Во годишниот буџет на општината да се пре4двидат финансиски средства за финансирање на услуги за реинтеграција, како финансиска помош на жртвите согласно индивидуалните потреби на жената. Согласно тоа, општината треба да изготви Правилник за доделување на финансиска помош на жени жртви на насилство кој ќе биде дел од Програмата за социјална заштита или дел од посебна програма за подршка на жртви на насилство;
- Општините во соработка со МТСП да развиваат услуги за долготрајно и безбедно домување на жени жртви на

| |
|---|
| насилство. |
| **План/програма „Мобилност“-Радовиш здружение на лица со телесен инвалидитет дел од Националнот сојуз на лица со телесен инвалидитет.**<br>Проблеми кои тие предлагаат да се решат и да се стават како мерки во планот за социјална заштита и идните програми кои ќе бидат вградени во општинскиот буџет:<br>-Решавање на сите архитектонски бариери во постоечките институции кои се непристапни во овој дел и општинската зграда, управата за Јавни приходи, Фондовите за здравство, ПИОМ, општински суд , катастар, Центар за социјалан работа и др.<br>-Спроведувањ ена обуки на лицата како до електронски документи, обезбедување на дигитална писменост, олеснување на целокупниот процес,<br>Повеќе места за паркинг за лица инвалиди;<br>-Подигање на јавната свест за прифаќање и социјална инклузија на овие лица кои многу често се мета на предрасуди и стереотипи;<br>- Вмрежување на здуженијата на локално ниво кои имаат членови од социјално ранливи категории;<br>-Обезбедување на финансиска помош од страна на општината со посебни мерки кои би биле вградени во програмата за социјала во општинскиот буџет (поделба на социјални пакети, мерки за бвработување, половина работно време и др.) |
| **План/ Здружение на граѓани „Лајф Старт“-Радовиш**<br>Постојана финансиска подршка и реализација на проектот:  СОЦИО-ОБРАЗОВНА ПОДРШКА кој ги таргетира училишните деца и нивните семејства од социјално-ранливи и рурални семејства од општина Радовиш. |

Врз основа на чл.22.т.9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2005) и чл. 21 ст.1 т.38 и чл.30 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLIII седница одржана на 29.01.2024 година донесе :

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на членови во Општинскиот Совет за социјална заштита во општина Радовиш**

**Член 1**

Советот за социјална заштита на Општина Радовиш се формира во следниот состав:

- **Верица Беќарова** – претставник од Црвен Крст на РСМ, општинска организација Радовиш;
- **Емилија Котева Ристова** – претставник од СОУ "Коста Сусинов" Радовиш;
- **Татјана Митева** – психолог, претставник од ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш;
- **Стојан Лазарев** – претставник од Агенцијата за вработување на РСМ, центар за вработување Радовиш;
- **Татјана Костадинова** – претставник од ЦПЛИП "Порака" Радовиш;
- **Александар Филев** – претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Радовиш;
- **Роберт Донев** - претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Радовиш;
- **Марјан Јанковиќ** – Архиерејскиот Намесник Протојереј-Ставрофор, претставник од Македонска Православна Црква;
- **Џемаил Озган** – претставник од Исламска верска заедница;
- **Душко Ќосев** – Помошник – Командир за јавен ред и мир и превенција, претставник од МВР – ОВР Радовиш;
- **Роберт Донев** - претставник од Здружение за давање на социјална услуга Грижа Цаци Радовиш;
- **Весна Конзулова** – раководител на сектор за нормативно-правни, јавни дејности и општи работи, претставник од општина Радовиш;
- **Игор Чапов** – раководител на одделение за општи работи и јавни дејности, претставник од општина Радовиш;

**Член 2**

Советот за социјална заштита на Општина Радовиш ги има следните надлежности:

- Изготвува Социјален План за подрачјето на општина Радовиш, врз основа на кој план Градоначалникот на општина Радовиш изготвува Годишна Програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на општина Радовиш по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија,
- Предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

**Член 3**

Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години сметано од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа Решение стапува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-173/1
Дата 29.01.2024 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА РАДОВИШ